РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1139/4
17. 03. 20 22 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 29 седница одржана на 13.01.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Прехранбена технологија и биотехнлогија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиската програма „ Прехранбена технологија и биотехнлогија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер технолог - насока прехранбена технологија и биотехнологија /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of science in food technology and biotechnology.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки, 4 Биотехнички науки
Научно – истражувачко поле: 221 Технологија на прехранбени производи, 413 Биотехнологија, 414 Прехранбена технологија.
Научно – истражувачка област: 21100 – Технологија на овошни и градинарски производи, 22101 - Технологија на вриење, 22102 - Технологија на полоделски производи, 22103 - Технологија на месо и месни преработки, 22104 - Технологија на млеко и млечни производи, 22105 - Индустриско производство на готова храна, 22106 - Технолошка микробиологија, 22107 - Технологија и техники на пакување, 41300 - Биоинженерство, 41400 - Преханбено инженерство.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 25 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14 - 1292/7 од 29.11.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Прехранбена технологија и биотехнлогија , прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет Велес, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-1388/2 од 06.12.2021 година (наш бр. 08 - 1139/1 од 10.12.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 28-та седницата одржана на 24.12.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 1139/3 од 28.02.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 29 та седница одржана на 13.01.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски